Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Секретаријат за законодавство
Sekretariati për Legjislacion

**Прилог**

Бр. - Nr 03-3749/2
03.12.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT

Бр./Nr. ____
03 DEC 2025 20__ год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Извештај за Годишен план за спречување на корупцијата во Секретаријатот за законодавство за 2025 година

Во текот на 2025 година Секретаријатот за законодавство успешно управува со ризикот од појава на корупција. Со оглед на фактот дека Секретаријатот за законодавство во 2025 година не се соочил со проблеми поврзани со корупција, би можело да се констатира дека ризикот од појава на корупција е сведен на минимум. Сепак, ризикот од појава на корупција како можност се анализира со цел да се продолжи со доброто, квалитетното и ефикасно работење, што меѓудругото подразбира и борба против корупцијата и судирот на интереси.

Со Годишниот план за спречување на корупцијата во Секретаријатот за законодавство за 2025 година, Секретаријатот за законодавство успешно ги идентификува можните ризични области за појава на корупција. Соодветно ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата. Исто така, воспоставени се и соодветни алатки и механизми за спречување на корупцијата и канали за известување, односно пријавување на корупцијата. Секретаријатот за законодавство во 2025 година постапува согласно донесените правилници, упатства и интерни процедури со што успешно го сведува на минимум ризикот од појава на корупција.

Транспарентноста на Секретаријатот за законодавство постојано се подобрува преку редовно ажурирање на содржината на web страницата http://www.sz.gov.mk.

Секретаријатот за законодавство и понатаму ќе продолжи со праксата на управување со ризиците, вклучително и ризикот од појава на корупција, да ги следи новите законски решенија од областа на корупцијата, да ги ревидира интерните процедури по потреба и да постапува и презема мерки соодветно на ниво на новонастанатата состојба.

Секретар
на Секретаријат за законодавство,
д-р Оливера Нечовска